Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-1613/2 22-06-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Марта Стевковска, новинарка и истражувачка, поднесено на 09.06.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Марта Стевковска, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од Марта Стевковска, е доставено Барање во електронска форма. Со Барањето се побарани следните информации:

"Во Акцискиот план на Националната Стратегија за млади 2023-2027 стои дека е потребно да има бесплатни менструални и санитарни продукти за млади од сите категории за основните и средните училишта.
-Кога ќе почне да се применува оваа мерка од Акцискиот план со оглед на тоа што до сега не се обезбедени бесплатни менструални и санитарни продукти низ средните училишта во Град Скопје и средните училишта во општина Струга?
-Која е пречката да се обезбедат бесплатни менструални производи, зошто до сега не се обезбедени?
-Дали имате увид колку средства од буџетот на град Скопје и општина Струга треба да се одвојат за оваа мерка и дали само град Скопје и општина Струга ги покриваат трошоците од својот буџет за бесплатни менструални продукти?
-Каква е вашата стратегија за следната учебна година 2026/2027 година по ова прашање за оваа мерка да биде исполнета?

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

По поднесеното барање, Министерството за локална самоуправа, ги доставува следните информаци:

Во првиот Акциски план на Стратегијата за млади 2023-2026 година (Сл.весник бр. 204 од 29.09.2023) е нотирана Мерка 6.4.5 Обезбедување на бесплатни менструални и санитарни продукти за млади од сите категории.

Во рамките на оваа мерка се планирани две активности за чија имплементација како одговорна институција е наведено Министерството за локална самоуправа, а вклучени институции се средни училишта, ЗЕЛС, Министерство за здравство, Институт за јавно здравје, граѓански организации, меѓународни организации и единиците на локалната самоуправа.

Првата активност е:

-Донесување на одлука на Владата/Министерството за локална самоуправа за воведување на локален фонд/буџет од страна на општините за менструална хигиена во основните и средните училишта. (Рок на имплементација септември-декември 2023)

Втората активност е:

-Набавка и дистрибуирање на продукти за менструална хигиена до крајните корисници во основните и средните училишта. (Рок на имплементација јануари-декември 2024)

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за локална самоуправа нема надлежност во предметната област. Согл асно член 25 од истиот закон, Министерството за локална самоуправа ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа;
- следењето на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа;
- предлагањето на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување
- порамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја;

- остварувањето и користењето на средствата наменети за стопански недоволно развиените подрачја;

-надзорот од негова надлежност и

-врши други работи утврдени со закон.

(2) Во состав на Министерството за локална самоуправа е Бирото за регионален развој.

(3) Бирото за регионален развој има својство на правно лице.

Од минатата година во фаза на подготовка е вториот Акциски план 2026-2027 за имплементација на Стратегијата за млади 2023-2027 година. Во процесот на консултација, Министерството за локална самоуправа со официјален допис до Владата (Мислење по Нацрт-Акциски план 2026-2027 за спроведување на Националната стратегија за млади 2023-2027) Прилог 1, укажа дека е неопходно да се направи корекција на Нацрт-Акцискиот план во смисла дека за конкретните активности Министерството за локална самоуправа не може да биде одговорна институција. Исто така е укажано дека треба да се имаат предвид ограничените финансиски капацитети на општините за самостојно спроведување на конкретните активности.

Согласно горенаведеното, Министерството за локална самоуправа нема основ и не е вклучено во имплементацијата на наведената мерка, па оттаму и не располага со информациите кои што се предмет на Ваш интерес.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

МИНИСТЕР
**М-р Златко Перински**

---------------------------------------

Службено лице
М-р Ели Чакар

---------------------------------------

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска

---------------------------------------